

ЕВН Македонија и нејзините друштва вршат дејности од областа на дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна над 15 години како дел од групацијата ЕВН АГ Австрија и претставува доверлив работодавач за своите вработени кој нуди конкурентни услови на пазарот на труд и различни можности за развој. Цел на ЕВН е одржување на висока професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

Доколку имате желба да бидете дел од голем и успешен тим, да ги реализирате своите амбиции и остварите професионален развој во меѓународна групација, како и да придонесувате кон остварување на растот и развојот на една од најуспешните компании, аплицирајте за.

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ОПТИМИЗИРАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКО ПОРТФОЛИО (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Изработка на годишни енергетски планови за компанијата;
- Прогнозирање на конзумот и производството на електрична енергија за потреби на компанијата;
- Оптимизирање на енергетското портфолио на пазарот на електрична енергија, изработка на бизнис модели;
- Изготвување на енергетски извештаи за потреби на компанијата;
- Изработка на дневни дијаграми за испорака на енергија, управување со податоци;
- Анализи поврзани со пазарот на електрична енергија во државата и во регионот на ЈИЕ;
- Учество во енергетски проекти од интерес на компанијата;

**Потребни квалификации**

- Високо образование со завршен VII-1 степен / 240 ЕКТС на факултетите:
  - Електротехнички факултет - (студиска програма: ЕЕС; ЕАОИЕ; ЕЕУМ; ИЕЕА),
  - Машински факултет - (студиска програма: Енергетика и екологија; Индустриско инженерство и менаџмент)
  - ПМФ Институт за математика - (студиска програма: Применета математика; Математичка економија);
- Минимум 1 година работно искуство
- Одлично познавање на MS Office;
- Солидно познавање на Англиски и/или Германски јазик;
- Аналитички вештини и работа со податоци;
- Познавање на пазарот на електрична енергија во државата;
- Развиени комуникациски вештини;

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 24.01.2025.

**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

Откријте го светот на ЕВН и искористете ја можноста за одличен развој на Вашата кариера!

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува